СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-463/5
Скопје, 15.04.2024 година

Врз основа *член 21, став 1 точка 15* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр. 46/2023), **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата прва седница одржана на **12.04.2024** година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за усвојување измени на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

**Член 1**

Во Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата *(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/17*) во член 2 став (1) износите за висината на трошоците се менуваат и гласат:

- во точката 1. износот „2.800,00'“ се заменува со износот „3.500,00“;
- во точката 2. износот „600,00'' се заменува со износот „1.000,00“;
- во точката 3. износот „2.600,00“ се заменува со износот „2.900,00“;
- во точката 4. износот „3.200,00“ се заменува со износот „3.500,00“;
- во точката 5. износот „60.000,00“ се заменува со износот „66.000,00“, а износот „30.000,00“ се заменува со износот „33.000,00“.

(2) Во став (2) точка 4., зборот „Пријавата“ се заменува со зборот „Барањето“.

(3) Во став (6) точка 4., зборот „пријава“ се заменува со зборот „барање“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на Правилникот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а истиот ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

**СОБРАНИЕ НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**д-р Борис Стојанов**

М.П.

skm@skm.mk
ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
www.skm.mk